Ристо КАРТАЛОВ

# АГРАРНОТО ПРАШАЊЕ ВО МАРКСИСТИЧКАТА ТЕОРИЈА

## 1. Услови за појава и суштина на Аграрното и селското прашање

Аграрното прашање во склопот на прашањата сврзани за селото и развојот на земјоделството, се јавило во втората половина на минатиот век. Тоа е период кога по револуциите од 1848 година, феудализмот зо Западна Европа бил заменет со силен замав на капитализмот. Почетната мануфактура брзо била заменета со силно зголемување на капиталистичкото производство, со силна примена на научно-техничките иновации што, сетоа водело кон силно развивање на процесите на концентрација и централизација и зголемување на органискиот состав на капиталот. Додека индустријата со распаѓањето на феудализоот, брзо се вклучила во стоковото производство и под влијание на процесите на концентрација и централизација се развила до ненасетени размери, дотогаш, земјоделството видно заостанувало. Индустријата вклучена во стоковно-паричните односи, конкуренцијата и пазарот непрестано го зголемувала органискиот состав на капиталот, а земјоделството тешко се извлекувало од заостанатоста поради предимно натуралниот и ситносопственички карактер на производството. Тоа заостанувало во својот развој, капиталот бавно продирал во него.

Во екот на тие бурни општествено-економски и политички промени во Европа, се појавиле најпрво „Комунистички манифест" (1848), а потоа и првата книга на Марксовиот „Капитал" (1867), и втората во (1885). Во своите дела Маркс ги истражувал најопштите законитости на капиталистичкиот начин на производство на долг рок, и во сознанијата дошол до својата општа економска теорија, според која основ ните законитости на општествениот и стопанскиот развој претставуваат процесите на поопштествување на производството, концентрацијата и централизацијата на крупното производство кое доминира и го потиснува ситното, сопственоста која се концентрира во мал број раце, поделбата на општеството на две основни класи: наемни работници и капиталисти, но во исто време, дека сите овие процеси се одвиваат во сите области на материјалното производство, во селото и во градот.

Буржоаските теоретичари и ревизионистите на макрсизмот кон половината на минатиот век, поаѓајќи од некои специфичности на зем-

делството, кои се скоро непознати за останатите области на материјално производство (органскиот карактер на производството, поврзаноста на производството со природните циклуси на репродукцијата, влијанието на надворешните фактори — клима и др.), тенденциозно го конструирале така нареченото аграрно прашање[1]. Според оваа теорија, земјоделството е стопанска гранка која не подлежи на општата *законитост на стопанскиот развој*, во него е невозможен развојот на крупното производство односно крупното стоковно производство. Со други зборови, ако во една така суштествена област на производството е невозможен развојот на крупното капиталистичко производство, невозможен е и преминот во повисока општествено-економска формација, според тоа, капитализмот е значи вечен и дефинитивен општествено-економски и политички систем. Очигледно дека тоа била антитеза за универзалноста на Марксовата економска теорија.

Во центарот на оваа буржоаска теорија, која подоцна ќе ја прифатат и ревизионистите на марксизмот, бил вткаен Турготовиот „Закон за опаѓање на плодноста на земјата", според кој рентабилното вложување на капитал во земјоделството има одредени граници, по кое. натамошното вложување на капитал не дава никакви економски ефекти[2]

Споменатите специфичности како и специфичностите што произлегуваат од „Законот за опаѓање на плодноста" постојат, но само како прашања од техничко-технолошки карактер, кои имаат релативно значење за развојот. Другата, многу посуштествена група на прашања која е многу поспецифична и многу позначајна за заостанувањето на земјоделството во развојот, е комплексот прашања за општествено-економските односи во оваа гранка. Тие произлегуваат од фактот дека во земјоделството постои институтот на приватната сопственост на земјата како услов за производството, а со тоа и рентата како специфичен доход, семејното индивидуално стопанство врз основа на приватната сопственост на земјата, како и натуралниот карактер на производството.

За индустријата и занаетчиството воопшто не биле познати натуралниот карактер на производството. Тие веднаш се вклучиле во пазарниот механизам, во стоковниот карактер на производството, во општетвената поделба на трудот, кои се јавиле како основни двигатели

---

[1] Под аграрното прашање во поширока смисла на зборот, подоцна ќе се подведат прашањата за вкупите општествено-економски односи во земјоделството и селото, класните односи и класната борба, економските законитости и тенденции во неговиот развој. Исто така и политичкиот став на комунистичките и работничките партии кон селанството, односно т.н. „Селско прашање", ќе се вбројува во оваа група прашања: Економика Југославије II, Загреб 1964, год. стр. 20 и 21—25; К. Кауцки: Аграрно прашање,Култура, стр. 6 и XIX, 1953 год.

[2] На т.н. „Закон за опаѓање на плодноста на земјата", се надоврзал Томас Малтус со својот есеј за населението (1802). Тој предизвикал долготрајни дискусии и расправии поради своето тврдење, дека земјоделството е неспособно да го следи развојот на населението и дека на човештвото му се заканува глад и војна. Имено, како што е познато тој тврдел дека населението во светот се зголемува по геометриска прогресија, а производството на храна се зголемува по аритметичка прогресија, па поради тоа, ќе постои и сè повеќе ќе се зголемува во светот дискрепанцата помеѓу бројот на населението и производството на храна.

за зголемување на продуктивноста на трудот, за интензификацијата на производството и за зголемувањето на органскиот состав на капиталот. Меѓутоа, земјодеслството со предимно индивидуални семејни стопансва, долго време ја задржало натуралноста како основен белег и форма на производство.

Од стегите на заостанатоста и тесните рамки на натуралноста, земјоделството единствено може да го извлече индустријата и брзиот стопански развој. Таа го вклучива во системот на стоковното производство, прогресивниот, технолошки и општествено-економски развој односно во новата општествена поделба на трудот. Со основните структурни промени во населението, со мигрирањето на селското население и работната сила се зголемува бројот на градското население, и население-вработено во секундарниот и терцијарниот сектор, кое станува потрошувач на земјоделски производи. На тој начин зголемената потреба за земјоделски производи може да се оствари со примената на современи средства за производство, со подигањето на нивото на стопанисување на оваа стопанска гранка.

Според тоа индустријата претставува сила која го движи не само сопствениот, туку и развојот на целокупното стопанство па и земјоделството.

Во земјоделството, меѓутоа, се задржува цело шаренило на преодни општествени односи и категории, почнувајќи од селскиот пролетаријат преку ситните и средните стопанства со предимно натурален карактер во производството, сè до крупни семејни и капиталистички форми, со висок органски состав на капиталот и со високо ниво на производна технологија.

Тоа шаренило на општествените односи во земјоделството и значителното задржување на низа форми од претходните општествени односи придонело да се развие така нареченото аграрно прашање, со кое најдиректно се тврдело дека земјоделството е „посебна" област на материјалното производство во кое не е возможен развојот на крупоното капиталистичко производство со висок органски состав на капиталот

Условите во кои се појавила актуелноста на селското прашање коиндицираат со условите за аграрното, иако подоцна и двете прашања ќе станат синоними.

При крајот на деветнаесеттиот век се случиле крупни промени во стопанството на Европа. По големите епохални пронајдоци (динамо машината 1867 и дизел моторот 1893), силно се развил сообраќајот и дошло до осетна концентрација на капитал во индустријата. Се развиле низа нови гранки на индустријата, градовите брзо се ширеле и развивале, а со нив и градското население, што овозможило силни миграциони движења на селското население. Се отворал широк пазар за земјоделски производи кои влијаеле врз развојот на пазарното производство во земјоделството и врз распаѓањето на старите автархични и натурални односи на село. Натуралното и автархичното село забрзано се распаѓало, а во него постепено се формирале истоветни класи како и во градот: класата на капиталисти и класата на наемни работници. Меѓу нив на

село сепак постоеле огромно мноштво селски стопанства. Тие припаѓале главно на три групи: група на крупни капиталистички стопанства, група на средни семејни и група на ситни семејни стопанства. Средната група непрестајно се диференцирала (во групата на ситни и во групата на крупни стопанства.

Сè поочигледно се поставувала неопходноста марксизмот и напредното работничко движење да го определи својот став кон овие промени и мноштвото преодни категории семејни стопанства. Така, покрај аграрното прашање како прашање на економската теорија, во втората половина на минатиот век, се наметнало по својата актуелност и Селското прашање, кое е тесно поврзано со претходното и кое, всушност, претставува политичка страна на аграрното прашање. Во терминологијата на работничкото движење од тоа време, селското прашање го определувало политичкиот став на работничките партии кон огромното шаренило на низа преодни облици на семејни стопанства кои се наоѓале во аграрната структура на развиените земји[3].

Во меѓународното работичко движење за прашањата како што се: местото и улогата на ситниот посед, приватната сопственост на земјата, улогата на разните слоеви на селанството во револуционерните движења и во социјалистичката изградба итн. се воделе долготрајни дискусии[4].

По победата на социјалистичките револуции, речиси во сите земји во кои тие биле извршени (освен во Чехословачка и во ДР Германија), во аграрната структура доминирал ситниот индивидуален посед, а селанството во структурата на населението. Поради тоа се налагало прашањето за социјалистичката преобразба на аграрот. Тој поим суштност го означувал развојот на крупното производство во земјоделството врз социјалистичка основа со оглед на фактот дека во низа земји сè ушт доминирале феудални аграрни односи.

Постепеното поопштествување — здружување како метод на социјалистичката преобразба во земјоделството, кој се применувал како метод на социјалистичката преобразба во деновите на Октомврис-

---

[3] „Селкското прашање“ станало актуелно по 1848 година, односно по револуциите во Франција, Германија, Италија и Австроунгарија. Напредните движења од тоа време, трпеле сериозни порази поради тоа што немале јасно определен став спрема селанството, односно одредени слоеви на селанството како многу хетероген општествен слој. Тој значителен политички потенцијал не бил во доволна мерка активиран во револуционерните промени. Селското прашање било во центарот на вниманието во текот на целата втора половина на минатиот век, меѓу напредното движење во Европа. Тоа и за Русија исто така станало актуелно, во времето на Октомври во програмата на Болшевичката партија под раководството на Ленин.

[4] Овие прашања се поставиле на дневен ред уште на Првата интернационала, чии основачи биле Маркс и Енгелс. Потоа и на Конференцијата во Лондон во 1865, година биле заземени ставови во врска со земјата, а на Конгересот на Интернационалата во Лозана во 1867 година се развила дискусија помеѓу марксистите и прудонистите. Марксистите го застапувале принципот на колективна сопственост на земјата, а прудонистите на приватната сопственост. На Конгресот во Брисел во 1868 година била изгласана и резолуција за Аграрното прашање која означувала победа на макрсистичкото сфаќање. На Конгресот во Базел 1869 година повторно била потврдена резолуција од Брисел, според која ставот на партијата бил дека, приватната сопственост на земјата во натамошниот развиток, мора да се претвори во општествена.

ката револуција под раководство на Ленин, како и на примерот на нашата земја денес, поаѓа од становиштето, дека во иднина со развојот на призводните сили во општеството, сè поголема улога ќе имаат организираноста на земјоделството, преработката и прометот на земјоделски призводи, наспроти приватната земјишна сопственост. Таа со развојот на производните сили треба да остане како надживеан институт.

## 2. Аграрното прашање како прашање на развојот на производните сили во земјодделството

Карл Маркс не се занимавал исклучиво со селото и земјоделството, но неговите многубројни забелешки, фрагменти и укажувања даваат основа за јасно определување по голем број прашања. Речиси по целото негово творештво се среќаваат ставови за развојот на тогашното земјоделство, тенденциите во развојот на селското население, за *класната структура на селанството* за специфичното заостанување на земјоделството, за специфичностите на ситниот селски посед, за земјишните ренти за спротивностите помеѓу градот и селото итн.

За развојните тенденции на селото и земјоделството во капитализмот, по уривањето на феудализмот, уште во „Комунистичкиот манифест“ Маркс (заедно со Енгелс) вели:

> „Буржоазијата селото го потчини на господарството на градот. Таа создаде огромни градови, многукатно го зголеми бројот на градското население во споредба со селското, така што значителен дел од населението го оттргна од идиотизмот на селскиот живот. Како што селото го направи зависно од градот, така таа варварските и полуварварските земји ги направи зависни од цивилизираните земји, селските од буржоаските народи. Исток од Запад. Буржоазијата сè повеќе ги совладува расцпканоста на средствата на производсвото, поседот и населението. Таа го натрупува населението, ги централизира средствата за производство и ја концентрира сопственоста на малку раце“[5].

Маркс и Енгелс, овде јасно укажувале дека капиталистичкиот начин на производството сè повеќе го совладувал феудалното и полуфеудалното земјоделство. Сè поизразито се одвивал процесот на концентрација и централизацција, диференцирањето на општеството на две доминантни класи, класа на капиталисти и класа на наемни работници, и сè поизразито се манифестирала спротивноста помеѓу градот и селото односно инфериорната улога на селото.

Во првата книга на „Капитал“, во склопот на општите разгледувања на карактеристиките на капитализмот како општествено-економ-

[5] К. Маркс и Ф. Енгелс, Манифест комунистичке партије, Напријед, Загреб, 1958, 16.

ски систем и делувањето на крупната индустрија врз земјоделството, Маркс вели:

„Дејството на крупната индустрија во земјоделството дотолку е пореволуционерно што таа го урива столбот на старото општество на селаните, ставајќи го на нивно место наемниот работник. Така, потребите од општествен пресврт и спротивностите на село се изедначуваат со оние во градот. Наместо најтрадиционален, најнерационален, најнецелисходен начин на работа доаѓа свесна технолошка примена на науката. Раскинувајќи ја првобитната семејна врска меѓу земјоделството и индустријата, која ги обеди нуваше детински нивните неразвиени облици, се заврши ја под капиталистичкиот начин на производство[6].

Укажувајќи дека крупната индустрија е онаа револуционерна движечка сила во општествениот напредок, истовремено нагласува дека условите за општествениот пресврт се изедначуваат со оние во индустријата.

Во втората книга на „Капитал", Маркс наведува еден многу карактеристичен аспект на капиталистичкото производство кое ги урива сите преткапиталистички форми на производство. Ова е особено карактеристично за земјоделството бидејќи како што е познато, во него долго се задржала натуралноста во производството.

„. . . Сразмерно на обемот на својот развој, капиталистичкото стоковно производство дејствува како уривач и растворувач на секоја постара форма на производството, која е насочена предимно кон непосредната сопствена потреба и која го претвора во стока само вишокот на производи. Тоа придонесува продажбата на производите да стане главен интерес, во почетокот не напаѓајќи го појасно, самиот начин на производство. . . Каде ќе зафати корени, таа ги разорува сите форми на стоковно производство кои се засновувани било на сопствениот труд на производителите било на продавањето на стока само во форма на вишок на производи. Таа прво го генерализира стоковното производство, а потоа постепено го претвора секое стоковно производство во капиталистичко[7].

Зборувајќи за влијанието на ситната парцелна сопственост на селските стопанства, врз општествено-економскиот развој на една земја, како и за основните специфичности и причини за заостанување на земјоделството К. Маркс вели:

„По својата природа парцелната сопственост го исклучува: развојот на општествените производни сили на трудот, општестве-

[6] К. Маркс, Капитал, книга I, Култура, Беград 1958, 363.
[7] К. Маркс, Капитал, книга II, Култура, Београд 1958, 595.

ните форми на трудот, општествената концентрација на капиталот, сточарството во големи размери, прогресивната примена на науката[8].

Исто така и Ф. Енгелс во развојот на капитализмот во земјоделството и во развојот на крупното производство ја истакнувал неминовната законтост во истиснувањето на ситните стопанства.

„Развитокот на капиталистичката форма на производството го пресече животниот нерв на ситното стопанство во земјоделството; тоа незапирливо назадува и пропаѓа“[9].

Карл Кауцки, во потполност ѓи прифаќа, Марксовите ставови за ситното стоковно производство, причините за назадувањето и општествените околности на заостанување на земјоделството, законот за концентрација и централизација на земјата и капиталот во земјоделството и слично. Кауцки во времето на најжестоките напади успешно го одбранил Марксовото учење од страна на буржоаските теоретичари и ревизионистите на марксизмот.

Во своето познато дело „Аграрно прашање“, за ситното стоковно производство и за можностите за развој на капитализмот во земјоделството, полемизирајќи со теоретичарите кои ја истакнувале предноста и способноста на ситното стопанство, тој вели:

„Од наше гледиште, секако нечовечката исхрана на ситниот селанец, исто така малку сведочи за предностите на ситното стопанство, како и неговата марливост. Напротив и едното и другото претставуваат пречки за економскиот напредок“[10].

Или уште поопределено на друго место во истото дело вели:

„Ништо не е попогрешно од сфаќањето дека одржувањето на ситното стопанство е последица од неговата способност да го конкурира крупното. Послелицата, напротив, е тоа што ситното стопанство престанува да биде конкурент на крупното, што повеќе не доаѓа предвид како продавач на оние земјоделски производи кои покрај него ги произведува крупното стопанство. Ситното стопанство се претвора до продавач во купувач на оние производи, кои крупното ги произведува во „изобилство“, а стоката што ја произведува ситното стопанство во изобилство е — напротив — она средство за производство кое на крупното стопанство му е неопходно потребна: работната сила[11].

---

[8] К. Маркс, Капитал, книга III, Култура, Београд 1961, с. 1551.

[9] Ф. Енгелс; Селското прашање во Франција и Германија, Култура, Скопје, 1952, 4.

[10] К. Кауцки: Аграрно питање, Култура, Београд, 1953 110.

[11] К. Кауцки: Аграрно питање, Култура, Београд 1953, 159.

В. И. Ленин во својот творечки и публицистички опус исто така се занимава со аграрното прашање. Лениновиот интерес за земјоделството се појавил како резултат на состојбата во дискусиите за аграрното прашање, како и од сознанието дека тоа прашање може да биде пресудно за идното социјалистичко општество во стопански неразвиените земји како што била тогашна Русија. Ленин, анализирајќи ги тенденциите во развитокот на земјоделството, местото и неговата улога во стопанскиот развој, законитоста во развојот на капиталистичкото стоковно производство итн.,—на најуспешен начин го продолжил и одбранил Марксовото учење од ревизионистите на макрсизмот и апологетите на буржоаското општество[12].

Во своите статии и публикации Ленин успешно ги бранел Марксовите поставки за дејствувањето на законот за концентрација и централзација во земјоделството, односно за капиталистичкиот развиток во земјоделството. И индустријата и земјоделството, според Ленин, ја следат онаа иста економска законитост во истиснување на ситното од страна на крупното производство[13].

Голем е исто така Лениновиот придонес при укажувањата за методолошките тешкотии за следењето на процесот на концентрација и централизација во земјоделството. Во условите на сè погоелем технолошки напредок во земјоделството, вели тој, големината на земјишните површини не се единственииот критериум по кој би требало да се суди за големината на стопанството, туку многу повеќе видот на стопанството, степенот на интензивноста на неговото стопанисување итн. Затоа и вели:

„Доколку пошироко и побрзо се развива интензификацијата на земјоделсквото, дотолку повеќе групирањето на земјишните површини ја украсува угнетената положба на ситното производство во земјолелството. Ситниот земјоделец кој оскудева и во земја и во капитал ја отапува стварната острина на класните спротивности,

---

[12] Позначајни претставници на ревизионизмот и буржоаската иделогија со кои Ленин полемизирал биле: Едуард Берштајн (1850—1932) германски социјалист, кој ја застапувал струјата на буржоаскиот либерализам и ширел антимарксистички погледи по прашањето за развојот на земјоделството; Едуард Давид (1863—1930) германски политичар, и еден од главните ревизионисти по прашањето на аграрот. Во 1903 година објавил една обемна книга „Социјализмот и земјоделството" која Ленин ја нарекол главна книга на ревизионизмот по аграрното прашање; С. Булгаков, руски „легални марксист" кој после поразот на револуцијата од 1905 год. станал православен свештеник. Во 1900 година ја објавил својата дисертаиија во два тома под наслов „Капитализмот во земјоделството". Кон претходно споменатите треба да се споменат и имињата на Петар Маслинов, В. Чернов и други.

[13] Поважни трудови на В. И. Ленин во кои го третира аграрното прашање се: „Капитализмот во земјоделството" — статија објавена 1900 одина, во која ги подвргнува на критика ставовите на Булгаков, кој ја критикуваше Марксовата економска теорија, по повод излегувањето на „Аграрното прашање" на К. Кауцкик а која беше позитивно оиенета од страна на Ленин. Други позначајни трудови се: „Аграрното прашање и критичарите на Маркс 1901"; „Аграрното прашање во Русија при крајот на XIX век, 1918 год.; Развитокст на капитализмот во Русија, 1899 год".; „Нови подадатоии" за законите во развитокот на капитализмот во земјоделството (1914—1915)"; „За задругарството 1923 год"., итн.

крупното производство кое цвета и ситното производство што пропаѓа: ја прикрива концентрацијата на капиталот во рацете на крупното производство и потиснувањето на ситното од страна на крупното стопанство[14].

### 3. Надминување на општествено економската положба на селанството

„Селското прашање" опфаќа цела низа на прашања за односот на марксизмот кон селото и земјоделството, односно за политичкиот став на комунистичките и работничките партии спрема селанството и земјоделството. Прашањето за приватната сопственост на земјата, класната суштина и класната структура на селанството, судбината на ситните семејни стопанства, патиштата и формите на поопштестување и друго, останале кон крајот на минатиот век најсуштествени прашања на меѓународното комунистичко движење околу кои се воделе долготрајни дискусии.

Според Марксовото мислење, кое подоцна го прифтиле и другите макрсистички теоретичари, единствена апсолутна оптествено-економска специфичност на земјоделството со која тоа се разликува од индустријата и која го забавува неговиот капиталистички развиток, претставува приватната сопственост на земјата. Како последица на постоењето на приватната сопственост на земјата се јавува посебен вид доход без работа — земјишна рента, која претсавува економска реализација на монополот на земја. Земјата во земјоделството според Маркс е специфично средство за производство кое не е резултат на човечковиот груд, кое е релативно ограничено, па иако претставува услов за производството, постои можност за неговото монополизирање. Капиталот вложен во закуп или купување на земја, како услов во земјоделското производство, претставува непроизводно вложување и тој не влегува во цената на чинењето на земјоделските производи од општствена страна, а само за толку ја намалува репродуктивната способност на земјоделството. Затоа Маркс и ги нарекол вложувањата во земјата „лажни трошоци" за кои индустријата не знае:

> „Од стојалиштето на една повисока општествено-економска формација приватната сопственост на одделни индивидуи над земјината топка ќе изгледа исто така апсурдно, како приватната сопственост на некој човек над друг човек. Дури неко цело општество, нација, па ни сите општества истовремено заедно не се сопственици на земјата. Тие се само нејзини добри поседници,уживатели и ја имаат како boni paters familias (добри домаќини) кои ќе ја остават подобрена на наредните генерации"[15].

[14] В. И. Ленин: Нови податоци за развитокот на капитализмот во земјоделството, Култура, Београд, 1951, 78.

[15] К. Маркс: Капитал, книга III, Култура, Београд 1961, с. 1529.

Приватната сопственост на земјата како историска категорија на одреден степен на општествениот развиток, мора да биде заменета зашто како што вели Маркс, претставува сопирачка за развојот на производните сили во земјоделството.

„. . . ситната земјишна сопственост создава класа на варвари која наполу стои надвор од општеството и која ја сврзува сета суровост на примитивните општествени форми за сета беда и и сите маки на цивилизираните земји. . . .“[16]

Меѓутоа, за проблемот на национализацијата на земјата, како революционерна економско-политичка мерка во рацете на работничката класа, Маркс прави значителна разлика. Во истовреме во своите говори и публикации се залагал за национализација на земјата во тогашна Англија, а се воздржувал од примената на оваа мерка во селските земјоделства какво што било земјоделството на тогашна Франција. Укинувањето на приватната сопственост и наследното право на земјата, Маркс го гледал како возможно само таму, каде што крупниот капиталистички посед сосема го истиснал ситниот посед, а земјиштето се обработувало со наемни работници. Таквите револуционерни мерки во спротивност би го „збуниле селанецот“, а може да го наведат и на судир со работничката класа. Селанството по револуцијата треба да ја најде својата положба подобрена, истакнувал тој. (Тоа е во основа содржаната во една од резолуциите на Базелскиот меѓународен работнички конгрес, одржан 1869 година, а е правена под непосредно Марксово влијание).

Посебно е значајно прашањето за класната поделба на селанството на кое Маркс во делото „Осумнаесеттиот бример на Луј Бонапарта му посветил големо внимание. За илустрација на своите ставови тој го зел француското селанство, каде што класните борби биле најприсутни кои воделе, речиси, секојпат до конечна одлука.

Според Маркс „Најмногубројната класа на француското општество од тоа време претставувале „парцелните селани“.

„Парцелните селани претставуваат огромна маса чиишто членови живеат во иста ситуација, но без меѓусебно да стапуваат во разновидни односи. Нивниот начин на производство ги изолира едни од други, наместо да ги доведе до меѓусебно комуницирање. Изолацијата ја засилуваат лошите француски комуникациони средства и сиромаштијата на селаните. Нивното производствено поле, парцелата, при својата обработка не допушта поделба на трудот примена на науката, значи никаква разновидност на развитокот, никаква разновидност на талентите и никакво богатство на општествените односи. Секое одделно селанско семејство си е, речиси, достатно само на себе тоа непосредно го произведува најголемиот дел на својата потрошувачка па така средствата за живот повеќе ги добива преку размена со природата одошто преку односи со општеството. Парцела, селанец и семејство, покрај него друга парцела, друг селанец и друго семејство. Нивниот збир претставува село,

[16] К. Маркс: Капитал, книга I, стр. 538, истото.

збирот на селата депармент. Таката голема класна на француската нација се образува со едноставно собирање на истсимени големини, како што на пример, компирите во една врека прават една врека компири“[17].

Но затоа, колку селанството во својата социјална структура е хомогено, и може да претставува посебна класа, тоа во исто време е и доста хетерогено во своите интереси и положба и не може да постои како посебна класа.

Дека селанството би можело да се смета за класа во исто дело Маркс вели: „Доколку милиони семејства живеат под економски животни услови што нивниот начин на живеење нивните интереси и нивното образование ги одвојуваат од начинот на живеење, интересите и образованието на другите класи, непријателски противставувајќи им ги, тие образуваат класа[19].

Во исто време тој ги изнесува и аргументите поради што селанството не би можело да се смета како класа „Доколку меѓу парцелните селани постои само локална врска, а истовидноста на нивните интереси не раѓа заедништво, ни национална поврзаност, ниту пак политичка организација, тие не образуваат класа. Затоа се тие неспособни да го искористат во свое име својот класен интерес било преку парламент, било преку конвент. Тие не можат да се застапуваат себеси, мора да бидат застапувани[18].

Енгелс во своето класично дело „Селското прашање во Франција и Германија“, многу поконкретно зборува за политичкиот став на партијата кон одделни социјални слоеви и класи на селанството. Тој овде ја разгледува класната и социјалната структура на селанството, кое е составено од ситни, средни и крупни семејни — парцелни стопанства и мноштво преодни групи.

> Под ситен селанец — Енгесл подразбира, „сопственик или закупец, особено сопственик на едно парченце земја не поголемо од она што може поправило да го обработи со своето семејство и не помало од она што го прехранува семејството“[20].

Во однос на судбината на ситното селско стопанство и селсанството, за нивното пропаѓање во играта на економската законитост, тој вели:

> „Нашата задача во однос на ситниот селанец се состои пред сѐ во тоа, неговото приватно стопанство и неговиот приватен посед да го преведеме во задружен, ама не со сила, туку преку примери и давање општествена помош на таа цел“[21].

---

[17] К. Маркс: Осумнаесеттиот бример на Луј Бонапарта, Култура, Скопје 1975, 71.

[18] К. Маркс: Осамнајсти бример, стр. 121 и 122.

[19] К. Маркс: Осајнајсти бример, стр. 122.

[20] Ф. Енгелс: Селското прашање во Франција и Германија, Култура, Скопје, 1952, 6.

[21] Ф. Енгелс; Селското прашање во Франција и Германија, стр. 20.

На едно друго место во истото дело уште поопределено вели:

„Според тоа, ние не можеме не само на партијата, туку и на ситните селани да им направиме полоша услуга од давањето ветување, што ја потхранува друри и самата помисла за то дека намераваме трајно да ја одржиме парцелната сопственост. Тоа би значело на селаните директно да им се затвори патот во нивното ослободување, а партијата да се сведе на ниво на тривијален антисемитизам“[22].

Под средно селанство Енгелс подразбира цело шаренило преодни групи од парцелни до крупни селани:

„Таму каде што средниот селанец живее меѓу парцелни селани, тој од нив не се разликува битно по своите интереси и разбирања; тој знае од сопствено искуство колку на него слични веќе стигнале меѓу ситните селани“[23].

Крупните капиталистички стопанства во земјоделството се организирани како капиталистичките претпријатија во индустријата, главно врз наемниот труд, и кај нив работата е сосема јасна.

По победата на социјалистичката револуција тие без скрупули треба да се експроприраат како експропријатори. Меѓутоа, за ситните и средните селани, Енгелс вели:

„При сето тоа, главна работа е, и останува, да им покажеме јасно на селаните дека ние можеме да им го спасиме, да им го одржиме нивниот посед пад куќата и земјата единствено на тој начин што ќе го претвориме во задружен посед и задружно производство. Индивидуалното стопанство, условено со индивидуалниот посед, токму и е она што ги гони селаните во пропаст. Ако тие инсистираат на индвидидуалното производство, тие неизбежно ќе останат без куќа и посед, а капиталитичкото крупно производство ќе го потисне нивниот застарен начин на производство“[24].

Изнесувајќи го своето мислење за тоа какви ставови треба да има работничката класа спрема одделни категории на селанството во периодот на борбата за остварување на политичката власт, Енгелс истакнувал дека таа во своите редови треба да го прима само ситниот селанец, зашто тој е сигурен утрешен пролетер, но притоа да смета на средниот селнаец како на голем сојузник.

За прашањата на национализацијата на земјата и класната диференцијација на селанството се среќаваат значителни ставови и во предговорот на неговото дело: „Германската селска војна“, каде Енгелс вели:

[22] Ф. Енгелс; Селското прашање . . . , стр. 23
[23] Ф. Енгелс; Селското прашање . . . , стр. 24
[24] Ф. Енгелс: Селското прашање во Франција и Германија стр. 21 и 22.

„Исто така и земјоделските работници можат да се ослободат од својата страшна беда само тогаш кога, пред сè, главниот објект на нивниот труд — самата земја, ќе биде земена од приватна сопственост на крупните селани и уште покрупните феудални господари и ќе се претвори во општествената сопственост, обработена од задругата и земјоделските работници за нивна заедничка сметка. Овде доаѓаме до заклучоциве на познатиот Базелски меѓународен работнички конгрес, дека во интерес на општеството е да се претвори земјата во заедничка национална сопственост. Овој заклучок е донесен главно за земјите во кои постои крупен земјопосед и во врска со тоа обработувањето на крупните имоти а на овие имоти еден господари многу надничари. Таква состојба сè уште преовладува во Германија, и поради тоа овој заклучок, по Англија, беше многу актуелен токму за Германија[25].

К. Кауцки во делото „Аграрното прашање“ оставил значителни ставови за судбината на ситното стоковно производство во земјоделството, приватната сопственост и политиката на работничката класа кон селанството.

За ситното стоковно производство тој истакнувал дека тоа, поради ниската продуктивност, не е во состојба да врши проширена репродукција и дека постојано назадува. Ситните стоковни производители најнапред ги експлоатираат трговските и зеленашките капиталисти, а потоа и индустриските. Поголем дел на селаните, според него, не одат понатаму од проста репродукција. Според Кауцки, ситното производство е осудено на пропаст.

Што се однесува до ставот на работничката класа спрема селанството, Кауцки истакнува дека основата на политиката на социјал-демократските партии од тоа време спрема селанството, треба да зависи од тоа за кој слој на селансквото се работи. Тој, иако како и Енгелс, селанството го дели на ситно, средно, крупно и наемни работници, но само условно како теоретска рамка за воопштување, но и не како основа за практична политичка акција на работничката класа. И тој истакнува дека на селаните не треба да им се ветува дека, по победата на револуцијата, пролетаријатот ќе ги штити како селани, мора да им се помогне што побргу и на што полесен начин да се вклучат во тековите на крупното производство. Кога се работи за формите на здружување на селаните со цел создавање на крупно производство, според Кауцки, не треба да се раководиме само о формите на сопственоста, туку од создавањето на нов начин на производство.

Во врска со тоа, тој пишува:

„Револуцијата по која се стреми социјал-демократијата во крајна линија не е правна, туку економска революција, таа не претставува пресврт во односите на сопственост, туку пресврт во на-

[25] Ф. Енгелс: Немачки сељачки рат, Напријед, Загреб 1963, 16.

чинот на производство. Нејзината цел не е укинување на приватната сопственост, туку укинување на капиталистичкиот начин на производство. Таа бара укинување на приватната сопственост само дотолку, доколку тоа е средство за укинување на капиталистичкиот начин на производство. Најголемите тешкотии, кои му се спротивставуваат на социјализмот, не лежат во правната, туку во економската област“[26].

Лениновиот придонес кон „селското прашање“ е од огромно значење. Тој во својот творечки и публицистичка опус оставил повеќе значајни дела и расправи за земјоделството кои не само што значеле и значат огромен придонес кон теоријата за аграрниот развој, туку се и практичен патоказ за изградба на идното социјалистичко општество

Прашањата за ситното стоковно производство во капитализмот, за селанството како општествен слој, за неговата класна диференцијација, потоа за односот на пролетаријатот спрема одделни слоеви на селанството, како и патиштата на социјалистичката преобразба на селото и земјоделството, заземаат видно место во трудовите на В. И. Ленин.

Ленин не само што го анализирал капиталистичкото ситностоковно производство во земјоделството, туку воедно укажувал и на неговото неминовно пропаѓање во условите на постоење на крупно капиталистичко производство. Неговата пропаст доаѓа од ниската продуктивност на трудот и од експолатацијата која најнапред доаѓа до трговскиот и зеленашкиот, а подоцна и од индустрискиот капитал. На определен степен од развојот, капитализмот, всушност, секое стоковно производство го претвара во капиталистичко. Селанецот, како ситен производител, во такви услови само формално останува сопственик на средствата за производство.

Лениновото сфаќање за селанството како општествен слој за основа го имаше теоретскиот приод на класиците на макрсизмот. Поделбата на селанството, според нивната социјално-економска положба требало да овозможи правилен однос на пролетаријатот кон одделни слоеви на селанството во периодот на политичката борба за власт и изградбата на комунистичкото општество.

Имајќи го предвид времето во кое живеел Ленин селанството го дели на три основни групи И тоа: работните и експлоатирани маси на на селото, средните селани и крупните селани — кулаци.

Односот на пролетаријатот кон секоја од овие соиијални категори на селанството, Ленин најрелјефно го изразил во Тезите за аграрното прашање[27] каде пишувал:

---

[26] К. Кауцки: Аграрно питање, Култура, Београд, 1953, дс7.

[27] За така невообичаено долгиот извод од Лениновите, „Тези за аграрното прашање“, се определивме од две причини! Прво, на македонски овие текстови на Лениновото творештво сѐ уште не се преведени и со тоа ни достапни за пошироката јавност и второ, што овој текст многу релјефно ја изразува сестраноста на Лениновата мисла (неговата ангажираност и како теоретичар и како државник). Таа и денес има сосема малку загубено од својата актуелност.

2. „Работните и експлоатираните маси на село, кои градскиот пролетаријат мора да ги поведе во борба или во секој случај да ги привлече на своја страна во сите капиталистички земји ги претставуваат следниве класи.

Прво, земјоделскиот пролетаријат, наемните работници (слуги, сезонски работници, надничари) кои добиваат средства за живот со наемен труд во капиталистичките земјоделски претпријатија самосоојно од останатите групи на селското население, ...

Второ, полупролетарите или парцелните селани, т.е. оние кои средстката за живот ги добиваат делумно од наемна работа во земјоделството и во индустриските капиталистички претпријатија, а делумно работејќи на сопственото или закупеното парче земја кое дава само извесен дел на намирници на нивното семејство. Оваа група на работното селанство е многубројна во сите капиталистички земји; нејзиното постоење и нејзината социјална положба ја забошотуваат претставниците на боржоазијата и жолтите ‚социјалисти' ... мешајќи ги во општата маса на „селанството" ...

Трето, ситното селанство, т.е. ситните земјоделци кои поседуааат, како сопственици или закупци, толку мали парчиња земја што подмирувајќи ги потребите на своето семејство и своето стопанство, не прибегнуваат кон ангажирање на туѓа работна сила. Тој слој по победата на пролетаријатот, безусловно и потполно се ослободува од плаќање на закупнина или од давање на еден дел од жетвениот принос..... Трите наведени групи на селското население, земени заедно, го сочинуваат во сите капиталистички земји неговото мнозинство.

4. Под ‚средно селанство', во економска смисла треба да се подразбираат ситни земјоделци кои поседуваат како сопственици или закупци исто така мали парчиња земја, но сепак такви, кои, во капитализмот даваат по правило, не само шкрто издржување, туку и можност да се добијат извесни одвишоци, кои можат барем во најдобрите години да се претворат во капитал и кои, второ, често прибегнуваат кон (на пример, едно стопанство од два или три) наемање на туѓа работна сила

5. Крупното селанство („Гросбауери") се капиталистички претприемачи во земјоделството, кои во правило го водат стопанството со неколку наемни работници и кои со „селанството" се поврзани само со ниското културно ниво, со начинот на живот и со личната физичка работа на своето стопанство. Тоа е најбројниот од буржоаските слоеви, кои се отворени и одлучни непријатели на революционерниот пролетаријат...

Но експропријацијата, дури и на крупните селани, никако не може да биде задача на победничкиот пролегаријат, бидејќи за поопштествување на таквите стопанства сè уште не постојат материјални, па технички, а потоа ни социјални услови....

6. Револуционерниот пролетаријат треба да го подложи на неодложна и безусловна конфискација сето земјиште на спахиите, крупните земјопоседници т.е. оние лица кои во капиталистичките земји при-

бегнуваат непосредно или преку своите фармери, кон систематска експлоатација на наемната работна сила и околното ситно (делумно често и среднот) селанство, .....“[28]

Очигледно е дека Ленин, определувајќи ја социјалната положба на секој слој на селанството, најдиректно и најнепосредно го опрделува и политичкиот став на комунистичката партија кон нив. Лениновата поделба на селанството на ситно (со три подгрупи), средно и крупно, е од непосредно созјајна и практична вредност, во процесот на политичката борба на пролетаријатот за власт и во текот на изградбата на комунистичкото општество.

## 4. Проблемот на социјалистичката преобразба на селото и земјоделството

На прашањето за развојот на социјалистичките форми на производството во земјоделството, односно на социјалистичката преобразба на селото и земјоделството му е посветено достатно внимание во марксистичката теорија. Тоа прашање особено е јасно поставено кога станува збор за земји во кои отпочнува изградбата на социјалистичките општествени односи, а кои во времето на капитализмот достигнале таков степен на општествено-економски развој, во кои капитализмот овладеал и извршил диференцијација на аграрната структура. На едниот пол од аграрната структура се наоѓа мал број капиталистички поседници со силна концентрација на земјата и останатите средства за производство а на другиот пол огромен број ситни и осиромашени селани кои оскудеваат и во земја, и во капитал. Со победата на социјалистичката революција, со експропријација на експропријаторите отночнува развојот на соuијалистичките форми на производството.

Прашањето е дотолку посложено тогаш кога, капитализмот нема овладеано со аграрната структура, нема извршено нејзина диференцијација според законите на концентрација и централизација како основни закони на капиталистичкото стоковно производство, туку постои огромно мнозинство ситни поседници на земја, кои по својата природа никогаш не биле експропријатори. Таков впрочем беше случајот со нај. големиот број земји кои тргнаа по патот на социјалистичката изградба.

Фактот дека во тие земји не постоеше диференцирана аграрна структура, па според тоа и социјална диференцијациа на класа на капиталисти и на класа на наемни работници по победата на работничката класа на власт во изградбата на социјалистичкото општество се наметнуваше потребата постепено во земјоделстото да се развиваат социјалистички форми на производство. Тој период, кој претпоставува егзистирање и на надминатите форми на производство во рамките на новото социјалистичко општество, претставува период на социјалистичка преобразба на земјоделството. Тоа, всушност, претставува ослободување од историското наследскво, минување во социјалистичко оп-

[28] В. И. Лењин, Избрана дела, књ. 13, Култура, Београд, 1960, 576—580

штество на онаа развојна етапа, која по логиката на нештата, би требало да биде мината во капиталистичкото општество.

Меѓу марксистичките теоретичари, како најсоодветна форма и метод на спроведување на социјалистичката преобразба на селото се споменува задругата и, задругарството.

Првите сфаќама за задругарството во литературата се означуваат како реформистички или поточно идеалистички[29]. Тоа сфаќање за задругарството поаѓа од стојалиштето дека задругата е олицетрорение на некаков класен мир, се истакнуваат пред сè економските интереси на задругарите, економската поврзаност на разни класи на населението, при што на задругарството му се одрекува па дури и забележува улогата на средскво во кое се одвиваат класни борби.

Научното односно марксистичкото сфаќање за задругарството поаѓа од стројалиштето дека местото и улогата на задругата е предодредно од општествено-економскиот поредок односно од носителите на политичката власт. Во суштина таа не претставува цел сама за себе, туку средство за остварување на определени општествено-економски и политички цели на носителите на политичката власт. Ова становиште јасно е експлицирано во една Резолуција на Женевскиот конгрес на Првата интернационала, која е правена под влијание на Маркс и каде се вели: „задржуното движење, ограничено во својата еволуција на ситни форми . . . нема никојпат да биде во состојба да го преобрази капиталистичкото општество, а од општественото производство да создаде складен и крупен систем на слободен и здружен труд; неопходни се измени и општи промени во општеството, промени што нема никојпат да бидат остварени ако организираната власт во општеството, со други зборови — државната власт, не мине од рацете на капиталистите и земјовладетелите во рацете на работниците“[30].

Подоцна во Критиката на Готската програма, Маркс, оценувајќи го значењето на работичничките и земјоделските задруги во капиталистичкото општество, ќе се спротивстави на тенденцијата тие да бидат формирани со државна помош.

„Што работниците сакаат да создадат услови за колективно производство во општествени размери, а пред сè во национални рамери во својата земја, тоа значи само дека тие работат врз превратот во сегашните услови на производството и тоа нема ништо заедничко со формирањето на кооперативни здруженија со државна помош. А што се однесува до сегашните кооперативни здруженија, тие се од корист само доколку се независна творба и од владите и од буржоазијата“[31].

---

[29] Првата задружна организација од потрошачки тип била оформирана во Рожбел, Англија во 1844 година. Во Германија се развило кредитното задругарство чија основач бил Фридрих Вилијам Рајфајзен, додека во Франција под влијание на идеите на Шарл Фурие се развило производното задругарство. Сето тоа укажува дека историјата на задружното движење е долга и доста богата.

[30] Цитирано според Михајло Вучкович, Задругарство, Задружна штампа, Загб, 1957, 51.

[31] Карл Маркс, Критика на Готската Програма, Култура, Скопје, 1950, 30.

За земјоделското задругарство како соодветна форма на поопштествување на ситните и средните селани, како и за принципите на постапноста доброволноста при здружувањето, срекаваме значајни ставови кај Фридрих Енгелс во неговото дело: Селското прашање во Франција и Германија. На едно место тој вели: „Нашата задача во однос на ситниот селанец се состои, пред сè, во тоа неговиот приватен посед и стопанството да ги поведдеме во задружни, но не со сила, туку преку примери и давање општествена помош за таа цел“[32].

Со прашањето за социјалистичката преобразба во земјоделството најнепосредно се занимавал В. И. Ленин кој бил во состојба не само теоретски да го разработува ова прашање, туку воедно да ја проверува неговата практична применливост. Лениновото учење по овој проблем е дотолку поинтересно бидејќи тој го развил и теориски го изградил врз примерот на условите на една заостаната земја, каква што била Русија од тоа време, каква што ќе биде состојбата во голем број земји кои кренаа по патот на социјалистичката изградба. Ленин постојано укажувал дека конкретните практични решенија по проблемот на социјалистичка преобразба ќе зависат од степенот на развиеноста на одделна земја, од нивната општествено-економска и друга специфичност. На пример, национализацијата на земјата во СССР била неопходна за разрешување на феудалните и полуфеудалните аграрни односи во руските прилики. Тоа било објективно барање на руското селанство, иако во основа тоа била мерка на буржоаскиот прогрес, која не овозможувала укинување на буржоаските, туку разрешување на феудалните односи во земјоделството. Пролетерската револуција во деновите на Октомври во СССР, а под водството на Ленин, поставувајќи ги темелите на социјалистичката изградба во другите области на стопанскиот живот, во областа на земјоделството, со национализацијата на земјата (но не сам со неа), ја вршела својата историска улога, којашто во другите земји ја извршиле буржоаско-демократските револуции.

В. И. Ленин постојано укажувал дека задругата и задругарството можат да претставуваат соодветна форма за организирање на селанството и ситниот посед во процесот на социјалистичката преобразба, односно во процесот на окрупнување на производството и развојот на социјалистичките општествени односи. Во статијата „За задругарството“, која ја напишал непосредно пред својата смрт, тој вели: „На задругарството кај нас се гледа со омаловажување, не се сфаќа какво исклучително значење има тоа задругарство, првин од принципиелна страна (сопственоста на средствата за производство во рацете на државата), второ, од страна на преминот кон нов поредок по пат колку што е можно попрост, полесен и подостапен за селанецот.

А тоа пак е главното. Една работа е — да се фантазира за некакви работнички здруженија за изградба на социјализмот, а друга работа е да се научиме практично да го изградуваме тој социјализам, така што секој селанец да може да учествува во таа изградба. Тој степен сега

[32] Фридрих Енгелс, Селското прашање во Франција и Германија, Култура, Скопје, 1952, 20.

го достигнавме. А несомнено е дека, откако го достигнавме, со него се користиме неверојатно малку“[33].

Во непосредното остварување на политиката на социјалистичка преобразба на селото и земјоделството, односно во развојот на задругарството, Ленин, големо внимание им посветувал, на здружните принципи како што се, постепеноста, доброволноста, материјалната заинтересираност и демократичност.

Во врска со постапноста како задружен принцип, тој подразбира, прво, постапност во вклучување на селанството од пониските кон повисоките т.е. поразвиените задружни офрми, и второ, поставеност во работата и методите на партијата во процесот на социјалистичката преобразба. За тоа, колку големо значење му придавал на тој принцип зборува едно негово излагање на Првиот конгрес на земјоделските комуни и земјоделските артељи во Москва во 1919 година каде што вели: „Ние сме наполно свесни за тоа дека на милиони ситни селски стопанства можеме да дејствуваме само постепено, претпазливо, само со успешни практични примери, зашто сланите се луѓе и премногу практични, премногу цврсто врзани за старото земјоделско стопанство за да можат да поверуваат во какви било сериозни промени само врз основа на совети и упатства од книгите. Тоа не може да биде, а би било и бесмислено. Дури кога ќе биде практично докажано искуството што ќе му биде блиско на селанецот, дека преминот кон задружни артељи во земјоделството е неопходен и можен, дури тогаш ќе бидеме во право да кажеме дека во толку огромна земја како што е Русија е направен сериозен чекор на патот на социјалистичкото земјоделство. Оттука и огромното значење на комуната, артељот, и задругата, кои сите вас ве задолжуваат со огромни држани и социјалистички обврски и сосема природно ја присилуваат советската власт и нејзиното претставниии спрема ова прашање да се однесуваат со посебно внимание и претпазливост“[34]

Ленин многу ја наглсувал неопходноста од приспособеноста на задружните форми на конкретните прилики и верифицираноста на тие форми на здружување во практиката. За тој проблем на едно место вели: „Најнапред треба да се докаже дека таквото здружување е подобро, да се здружат луѓето така што тие тоа вистински да се, а не да се испокараат — да се докаже дека тоа е корисно. Така го поставува прашањето се ланецот, така го поставуваат и нашите декрети. Ако до сега не успеавме да го постигнеме, не е никаква срамота, ние тоа отворено треба да го признаеме“[35].

За односот на селанството кон новите форми на производство, по победата на социјалистичката револуција, тој постојано укажувал дека претстои долготрајна работа со селанството, како што вели за заздравување на неговата психологија, треба да се биде трпелив и тоа е работа која бара поколенија. Во делото „План брошуре

[33] В. И. Ленин, Одбрани дела — том VIII, За задругарството, Култура, Скопје, 1968, 486.

[34] Цитирано според Вера Јевремовиђ, Ленин и аграрно питање, Задружна штампа, Загреб, 1960, 29.

[35] В. И. Ленин, Изабрана дела, Книга XIII, Култура, Београд, 1960, 109.

порезу у натури", на едно место за тоа вели: „Работата на преобразбата на ситниот селанец, преобразбата на неговата психологија и навики е работа што бара поколенија. Да се решат тие прашања во однос спрема ситниот селанец, така да кажеме, да се заздрави неговата психилогија, може да помогне само материјалната база, примената на тракторите и машините во земјоделството во масовни размери, електрификацијата во масовни размери"[36].

По смртта на Ленин, ова суштествено прашање од изградбата на социјалистичките односи во земјоделството, под непосредно влијание на Сталин, во голема мерка се шематизира и догматизира, така што (првин во СССР а подоцна и во другите социјалистички земји), како единствена алтернатива беше понудена колективизацијата — онаа насилната, како метод на социјалистичката преобразба на селото и земјоделството. Притоа, не се респектираа посебните специфичности на секоја одделна земја, а исто така не се почитуваа елементарните задружни принципи кои Ленин високо ги ценеше.

Денес во светот, во земјите кои изградуваат социјалистички општествени односи, постојат обиди преку најразлични форми да се организира земјоделското производство и да се поотштеви процесот на производство. Во таа смисла и југословенското искуство даде извесни позитивни резултати — особено концепцијата на агрокомплексот, и тоа претставува прилог на светското искуство во социјалистичката преобразба на селото и земјоделството.

**Risto Kartalov**

## MARXISM ABOUT THE AGRIXULTURAL QUESTION

In this article the author is dealing with certain more important aspects of the agricultural question as a theoretical point of view of marxistic theory for social developmement.

The article is consistent of four chapters in which the author as theoretical basis has used some works by K. Marks, F. Engels, K. Kautsky and V. I. Lenin.

The first chapter is dealing with the historical and socio-economical conditions of arising and theoretical-ideological essence of agricultural question too. Dealing with this problem the author remarked that the agricultural question as a tehoretical problem appears during the second half of the XIX-th century, and its theoretical-ideological essence is a conflict or some kind of anti-thesis to Marhis theory for social developement.

In the second chapter are treated the resons for which the agriculture is falling behind in its developement. In this context it is emphasised that the agriculture and village are not specific and there is no general law of capitalist) socio-economical developement. There are the law of concen-

[36] В. И. Ленин: О порезу у натури, Београд, Култура, 1945, 24—25.

tration and centralization of the capital, which result is differentiation of class structure and reproduction of the same classes which are characteristic for the town and industry (working class and capitalistic class).

It is not its absolute sp:cific that the agriculture is falling behind in it capitalistic developement, but first of all the influence of naturalne of agricultural production and the private possesion of land.

The third chapter is dealing with the peasantry question, as political side of the agricultural question. In this part the author emphasises some attitudes by the above mentioned Marxist theoretics, who determine the attitude of the working party towards the peasantry question or more precisely, towards some different peasantry classes during the political fight for power, and after that.

In the fourth chapter the author is dealing with the problem of socialistic transformation of agriculture an village. Here the author points out not only the methods, but the most venient social institutions of socialistic transformation of the village and agriculture, as well.

In this chapter special treatment has the princip of successively and willingly in socialistic transformation. Successively the socialistyc society have to find out more and more developed forms and institutions-cooperativs, thanks to its help, is possible to realize socialistic transoformation in agriculture.